АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До: д-р Зоран Трајчевски, директор
на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20), се доставува:

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 06.11.2020 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 10 | 4123 | 1 | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Контролен;
2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје;
3. **Период опфатен со надзорот:** 15 октомври 2020 година;
4. **Датум на извршување на надзорот:** 6 ноември 2020 година;
5. **Предмет на надзорот:**
   - **Член 55 став 7 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (*во програмите што содржат пласирање производи не смее да му се придава претерана важност - истакнување или упатување - на производот за кој станува збор*);
   - **Упатството за примена на одредбите за пласирање производи** (*„Службен весник на Република Македонија“ бр. 201/14);*
6. **Претходно изречена мерка:**

*На 11.09.2020 година, за непочитување на членот 55 став 7 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за изрекување мерка јавна опомена (Уп1 бр. 03-312, од 11.09.2020 година) на Трговското радиодифузно друштво ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје.*

*Со изречената мерка му наложи на радиодифузерот во рок од 30 дена од денот на приемот на решението (11.09.2020 година) да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

Со контролниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на ТРД ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје, емитуван на 15 октомври 2020 година, на државно ниво, констатирано е дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) **во целост постапил по решението за изрекување мерка - јавна опомена,** односно ја отстранил извршената повреда од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

8. Опис на прекршувањето: /
9. Предлог мерка: /

*Сектор за програмски работи*